Уп. Бр.08-133/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на ПХО П ГмбХ, со седиште на адреса Лангендорфер Штрасе 23, 06667 Вајсенфелс, Германија преку Божидар Милошевиќ, Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 27.10.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на ПХО П ГмбХ, со седиште на адреса Лангендорфер Штрасе 23, 06667 Вајсенфелс, Германија над Стора Енсо Максау ГмбХ, со регистрирано седиште на Мичерлихштрасе 76187 Карлсруе, Германија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на 30.09.2022 година, а дополнето на 12.10.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од ПХО П ГмбХ, со седиште на адреса Лангендорфер Штрасе 23, 06667 Вајсенфелс, Германија, со која ПХО П ГмбХ ќе стекне самостојна контрола над Стора Енсо Максау ГмбХ, со регистрирано седиште на Мичерлихштрасе 76187 Карлсруе, Германија, по пат на купопродажба на удели во друштвото.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ПХО П ГмбХ** е дел од Шварц групата („**Шварц**“). Шварц е примарно активно во малопродажба на храна во повеќе од 30 држави преку ланците за трговија на мало ЛИДЛ и Кауфланд. Почнувајќи од 2018 година, ПХО П ГмбХ е вклучено во собирањето, сортирањето, обработувањето и рециклирањето на отпад како интегриран давател на улуги во полето на управување со отпад пред неговиот деловен оддел одделение ГринСајкл (GreenCycle) и неговиот бренд „ПреЗеро“.
<u>Шварц е присутна во Република Северна Македонија</u>, преку едно регистрирано зависно друштво:

- Друштво за трговија на мало ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ, со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, 3-ти спрат, МК-1000 општина Гази Баба, Скопје, кое во моментот не е активно, но ќе се активира во блиската иднина, односно ќе управува со ЛИДЛ продавниците во Република Северна Македонија.

**Стора Енсо Максау ГмбХ** припаѓа на Стора Енсо групата на друштва која е глобален давател на одржливи решенија за пакување, биоматеријали, дрвени контрукции и хартија.

Стора Енсо Максау ГмбХ управува со фабрика за производство на хартија во Карлсруе, Германија кое се фокусира на производство на суперкалендирана хартија која ја испорачува на муштерии во Европската економска област, како и во трети држави. Суперкалендирана хартијата која ја произведува Стора Енсо Максау ГмбХ е примарно

базирана на обновена хартија која ја набавува од снабдувачи, вклучувајќи го Шварц.

Стора Енсо Максау ГмбХ нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија, и истото остварило мала продажба на клиенти во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**